НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Заштитни карактеристики на аверсот на полимерните банкноти во апоен од 10 денари

**Двоен пасер**
Стилизиран цртеж со претстава на јонски капител, составен од два различни дела (на двете страни од банкнотата) коишто се надополнуваат кога банкнотата се изложува на светлина.



**Ознака на распознавање**
во вид на издигнати точки за распознавање на различните апоени од страна на лицата со оштетен вид.



**УВ-својства**
Доколку ја погледнете банкнотата под ултравиолетова светлина, ќе забележите дека некои делови сјаат (флуоресцираат).







**Транспарентен прозорец**
Стилизирана претстава на глава од паун којашто може да се види од двете страни на банкнотата.





**Банкнотите се изработени од полимер којшто има карактеристична мазна површина**




**Микротекст**
Со помош на лупа ќе забележите дека некои делови од банкнотата коишто изгледаат како обично печатење се всушност многу мали букви и броеви (во сенката од апоенската вредност и над натписот НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА).



**Скриена слика**
Бројот 10 се појавува во дизајнот покрај паунот и е видлив единствено кога банкнотата директно ќе се изложи на извор на светлина.



**Заштитен конец**
Заштитниот конец се гледа од двете страни на банкнотата, како испрекината линија, со јасно испишан текст „НБРМ“.

НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Заштитни карактеристики на реверсот на полимерните банкноти во апоен од 10 денари

**Многу мал текст**

Ако ги погледнете рабовите на банкнотата со помош на лупа, ќе забележите како се повторува текстот „НБРМ“ и „10“.




**Двоен пасер**

Стилизиран цртеж со претстава на јонски капител, составен од два различни дела (на двете страни од банкнотата) коишто се надополнуваат кога банкнотата се изложува на светлина.









**Нумерација**

Два сериски броја, хоризонтално и вертикално поставени, коишто се идентични и се составени од две букви и шест цифри.






**Транспарентен прозорец**

Стилизирана претстава на глава од паун којашто може да се види од двете страни на банкнотата.




**УВ - својства**

Доколку ја погледнете банкнотата под ултравиолетова светлина, ќе забележите дека некои делови сјаат (флуоресцираат).



**Микротекст**

Со помош на лупа ќе забележите дека некои делови од банкнотата коишто изгледаат како обично печатење се всушност многу мали букви и броеви (во сенката и во дизајнот околу апоенската вредност).